**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

29.12.2023 година

# Одлуки од петтата седница на УО

УО на ШФМ, на 24.12.2023 година ја одржа својата петта седница.

На седницата беа разгледувани следниве точки:

1. **Усвојување на записникот од четвртата седница на УО**
2. **Финансиска состојба на ШФМ**
3. **Дефинирање на краен датум за плаќање на уписнината на клубовите спрема ШФМ**
4. **Календар 2024**
5. **Извештаи од селекторите за учество на македонските претставници на меѓународни натпреварувања**
6. **Разно**
   **6.1. Одобрување на финансиски средства за работењето на секретарот на ШФМ**
   **6.2. Хонорари и патни трошоци за членови на УО**

Управниот одбор ги донесе следниве одлуки:

1. **Усвојување на записникот од Четвртата седница на УО**
   **Едногласно беше усвоен** записникот од Четвртата седница на УО одржана на 21.10.2023 година.
2. **Финансиска состојба на ШФМ**
   Беше разгледана финансиската состојба на ШФМ и заклучено да се достави писмо до Влада за поддршка за организирање на Европското првенство во рапид и блиц и да се контактираат приватни компании кои би се јавиле како спонзори на активностите кои ги реализира ШФМ.
3. **Дефинирање на краен датум за плаќање на уписнината на клубовите спрема ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**

**Шаховска Федерација на Македонија**
**Chess Federation of Macedonia**
Сала кк Работнички бб, Градски Парк, Скопје
e-mail: chessmkd@t.mk
web: http://chess-mkd.mk/

Клубовите да си ги подмират сите финансиски обврски спрема ШФМ до 29.03.2024. Клубовите кои ќе ги поднесат до ШФМ документите за рангирање на клубот во јануари 2024, при пресметување на висината на уписнината ќе биде земен во предви бројот на играчи кои клубот ги доставил во документацијата за рангирање. ШФМ строго ќе ги почитува правилата и оној клуб кој нема да ги подмири своите финансиски обврски кон ШФМ до 29.03.2024 нема да има право да настапи на екипните натпревари.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

4. **Календар 2024**

   **На гласање беше ставен предлогот:**

   Се задолжува натпреварувачката комисија да изработи и достави предлог до УО за форматот на првата и втората сениорска лига и за висината на финансиската помош од ШФМ за клубовите кои учествуваат во првата и втората лига (т.е. бројот на соби што ШФМ ќе ги плати)

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

5. **Извештаи од селекторите за учество на македонските претставници на меѓународни натпреварувања**

   **На гласање беше ставен предлогот:**

Се обврзуваат сите официјални претставници на ШФМ на шаховски настани и турнири да го истакнуваат само официјалното знаме на државата.
Да се задолжи Стручната комисија да изготви образец кои информации треба да ги содржат извештаите на селекторите/водачите на делегации кои ги доставуваат до УО по секој официјален настап на македонските претставници.
Да се задолжи младинската комисија да ги допрецизира критериумите за учество на младинците на поединечните меѓународни натпревари.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

6. **Разно**

   **6.1. Одобрување на финансиски средства за работењето на Генералниот секретар**

**на ШФМ**

**На гласање беше ставен предлогот:**
Да се зголеми хонорарот на Генералниот Секретар и во 2024 година истиот да изнесува 410.000,00 денари годишно бруто.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

**6.2. Хонорари и патни трошоци за членови на УО**

Агим Шемшији предложи членовите на УО да не добиваат хонорари и патни трошоци за состаноците на УО кои ќе се одржуваат во 2024 година.

**На гласање беше ставен предлогот:**
Членовите на УО кои ќе учествуваат во работата на УО и ќе присуствуваат на состаноците на УО во 2024-та година ќе немаат право на исплата на хонорари и патни трошоци или било какви други трошоци поврзани со работата на УО.

**Предлогот беше едногласно усвоен.**

29.12.2023

Скопје

Шаховска федерација на Македонија

Секретар на УО,

Александра Гакидова